*„Свесноста дека лицата со попреченост се рамноправни граѓани на нашата заедница, имаат исти права и можности,  претставува  водилка  во креирањето и остварувањето на вредностите со кои се менува општествената свест за придобивките од заедничкото дејствување при пружањето помош и поддршка на лицата со попреченост и нивните семејства.*
*Со цел да се обезбедиме еднакви можности на маргинализираните групи и да креираме инклузивна заедница по мерка за секој, креиран е протоколо кој рефлектира  синергија на соработка на институционално ниво со меѓусебна поддршка и тимска работа , која ќе одговори на сегашните и идни предиозвици .“*

**ПРОТОКОЛ**
**за соработка на институциите во  заштита и поддршката на лицата со попреченост и нивните семејства**

**ГЛАВА I**
**предмет на ПРОТОКОЛОТ**
**Член 1**

Предмет на овој Протокол е воспоставување на соработка помеѓу Општина Делчево (понатаму во текстот само како општината), Советот за социјална заштита на Општина Делчево (понатаму во текстот само како советот), ООУ „Ванчо Прке“ Делчево, ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево, СОУ „М.М.Брицо“ Делчево (понатаму во текстот само како училиштата), Јавната општинска установа детска градинка „Весели цветови“ Делчево (понатаму во текстот само како детска градинка), Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево (понатаму во текстот само како ЦСР), Агенцијата за вработување на РСМ (понатаму во текстот само како АВРСМ), Дневниот центар за лица со попреченост, Социјалниот клуб „ИНТЕГРА“ , Здравниот дом „Гоце Делчев“ , ЗГ „ЖЕНА“, ЗГ „Бравура кооператива“ ОО на Црвен крст Делчево (понатаму во текстот само како НВО), со цел

меѓусебна тесна координација, планирање и реализација на активности за поттикнување на помош и поддршка на лицата со попреченост и нивните семејства.

## ГЛАВА II
## цели
### Член 2

Соработката на институциите утврдени во членот 1 на овој Протокол, особено се однесува на:

- Креирање на политики за лица со попреченост на институциите на локално ниво согласно начелото „Не оставај никој зад себе“;
- Поттикнување и развој на социјални услуги во заедницата;
- Утврдување форми на финансиска поддршка на лицата со попреченост и нивните семејства;
- Помош и поддршка во случај на кризни состојби , елементарни непогоди и пандемии;
- Поттикнување и вклученост на заедницата за партиципативно учество за креирање на интегрирана средина и инклузивна заедница;
- Медицинска поддршка усогласена со индивидуалните потреби на лицата со попреченост;
- Социо - економско интегрирање на мајките / татковци на лица со попреченост;
- Креирање на образовни политики со инклузивен карактер, во формално и неформално образование;
- Изедначување на можностите за спорт на лица со попреченост „Спорт за сите“;
- Поддршка за вработување на лица со попреченост во компании со инклузивен работен амбиент и поддршка за вработување во државните и општинските институции на системот;
- Обезбедување на целосна пристапност ,надминување на ахитектонски бариери , пристапни институции , пристапен и достапен град.
- Рана детекција, ран третман и рана интервенција на децата со попреченост.
- Креирање на инклузивни политики за деца со попреченост во најмала возраст во рамките на заедницата и во рамките на Детските установи.
- Безбедност на лицата со попреченост ;(сообраќај, насилства во разни форми,сајбер насилство, безбеден транспорт);
- Поддршка и соработка со Невладиниот сектор за обезбедување едукативни работилници, поврзани со потребите на лицата со попреченост во сите свери на опшественото живеење.

## ГЛАВА III
## Надлежности
### Член 3

Во овој Протокол формите на соработка, координацијата и спроведувањето на конкретните активности се остварува врз основа на законските надлежности на секоја институција посебно.

## Член 4

### Надлежности на општината

***Надлежности на општината согласно Законот за локална самоуправа:***

„Социјалната заштита и заштита на децата – детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитно социјални проблеми; деца со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик ; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита“.

***Надлежности на општината согласно Законот за социјална заштита:***

„За остварување на дејноста на социјалната заштита, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, развиваат локални мерки и активности за социјална заштита согласно со овој закон:

- обезбедуваат спроведување на социјалната заштита согласно со овој закон,
- донесува одлуки за утврдување и на други права и социјални услуги во областа на социјалната заштита, права и услуги во поголем обем од обемот на правата и услугите утврдени со овој закон и поповолни услови за нивно остварување, како и обезбедуваат средства за нивна имплементација,
- основаат јавни установи за социјална заштита согласно со овој закон,
- формираат Совет за социјална заштита на општината, градот Скопје и општините на градот Скопје за подрачјето на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје,
- формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион,
- донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита,
- донесуваат годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита (во натамошниот текст: годишна програма за социјална заштита), во која предвидуваат активности и средства за реализација на истите. Годишните програми за социјална заштита се изготвуваат врз основа на социјалниот план на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, а во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита и истите пред донесување се доставуваат до Министерството на мислење,
- усвојуваат завршен извештај за реализирани активности во социјалната заштита согласно предвидената годишна програма и ги доставуваат до Министерството заради информирање,
- даваат финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија, други правни и физички лица и склучуваат управни договори согласно со овој закон и
- врши други работи поврзани со социјална заштита согласно со овој закон. “

**Надлежности на училиштата**

***Целите на основното воспитание и образование согласно Законот за основно образование се:***

– стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование,

– хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности,

– развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо,

– развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик,

– развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки,

– воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,

– развивање свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет,

– воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции,

– усвојување општи и применливи знаења кои овозможуваат самостојно креативно дејствување во општествената и природната околина и развивање способности за расудување и за изразување во уметноста и културните традиции,

– развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми,

– вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби,

– развивање на надареноста на учениците во различни области и

– унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

За учениците со посебни образовни потреби се обезбедуваат соодветни услови за стекнување на основно воспитание и образование во редовните и посебните основни училишта и имаат право и на индивидуална помош за стекнување на основното образование и воспитание.

***Целите на средното образование согласно Законот за средно образование се:***

- постигнување на националните стандарди за учениците во средното образование од подрачјата: јазична писменост, користење други јазици, математика и природни науки, дигитална писменост, личен и социјален развој, демократска култура и општество, техника, технологија и претприемништво (бизнис и финансиска писменост), уметничко изразување, култура и мултикултура,
- развивање компетенции за самостоен и независен живот и за вработување,
- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо,
- обезбедување систематски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот согласно со неговите развојни

карактеристики, потенцијали и афинитети, како и обезбедување на пристап до висококвалитетно и инклузивно образование за учениците од сите возрасти,

- развивање свест кај учениците за важноста на здравјето и безбедноста, здравиот начин на живеење, вклучително и менталното здравје и безбедноста и здравјето при работа,
- развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки,
- развивање самодоверба и свесност кај учениците за припадност на државата и негување на националниот, етничкиот и културниот идентитет и за историското минато на државата,
- подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество,
- развивање на способности и вештини за истражување, експериментирање, критичко размислување, решавање на проблеми, комуникација и тимска работа,
- подигање на свеста за климатските промени и одржлив развој, биодиверзитет и развој на зелените компетенции кај младите,
- подготвување на ученикот за доживотно учење и
- подготвување на ученикот за вклучување на пазарот на трудот и
- партнерство помеѓу училиштето, ученикот, родителите односно старателите, бизнис секторот и единиците на локалната самоуправа.

**Надлежности на детската градинка**

Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основото образование. Детска градинка може да обезбедува престој и исхрана и за деца над шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст.Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој го сочинуваат сите правни и физички лица на територијата на Република Македонија чија основна дејност е вршење работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

**Надлежности на центрите за социјална работа**

Центрите за социјална работа, во однос на делокругот на работа влегуваат во рамките на секторот за социјална заштита при Министерството за труд и социјална работа. Согласно законската регулатива, центарот за социјална работи функционира како стручна установа со јавни овластувања заради вршење работи од социјалната заштита.

Како јавни овластувања, центарот за социјална работа ги врши следните работи:

- решава за правата од социјална заштита,
- решава за работите утврдени со семејно-правните прописи,

- постапува по работите утврдени со кривично-правните прописи,
- врши други работи утврдено со закон.

При спроведување на социјалната заштита и стручната работа, центарот:

- открива, следи и проучува социјални појави и проблеми,
- применува и спроведува соодветни облици на социјална заштита и непосредно помага на граѓанин, семејство или група на население,
- ја развива превентивната работа,
- развива и спроведува вонинституционални опблици на социјална заштита,
- поттикнува, организира и координира волонтерски на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на програми за социјална заштита,
- врши и други работи утврдени со закон.

**Надлежности на АВРМ во делот на вработување на инвалидни лица:**

Посебните услови и погодности за вработување и работење на инвалидните лица се уредени со Законот за вработување на инвалидни лица и Правилникот за критериумите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидните лица.
Во рамките на расположивите финансиски средства, од Посебниот фонд се доделуваат неповратни средства за:
1. Вработување на инвалидно лице на неопределено време, за што се доделуваат 20 просечни плати за едно вработување или 40 просечни плати за лица кои се движат со инвалидска количка или потполно слепи лица;
2. Адаптација на работно место, за што се доделуваат неповратни средства до 100.000,00 денари;
3. Набавка на опрема, за што се доделуваат до 200 просечни плати, за што критериум се бројот на вработени инвалидни лица и искажаните капитал и резерви во бонитетот;
4. Работно оспособување на инвалидни лица заради вработување.

**Надлежности на НВО**

Во однос на обезбедувањето на социјалните услуги се овозможува вклучување на локалната самоуправа, како и на здруженијата на граѓани, физички лица и приватниот сектор во обезбедувањето и испораката на услугите во заедницата. Во оваа насока се воведува систем на лиценцирање на даватели на социјални услуги.

Здружение, може да дава социјални услуги во согласност со овој закон и тоа :
- социјални услуги во домот;
- социјални услуги во заедницата освен услуги за ресоцијализација на деца во ризик и ресоцијализација на деца во судир со законот и
- услуги на вон-семејна заштита, освен установа за прифат на баратели на азил, воспитна установа и групен дом за деца во ризик.

Здружението, услугите ги дава согласно издадената дозвола за вршење работи од социјална заштита (лиценца).Здружението услугите ги дава без основање на установа.

Здружението ги дава преку посебна организациона единица на здружението.

Средства за давање социјални услуги од страна на здруженија и приватни даватели на социјални услуги се обезбедуваат согласно Програмата за остварување на социјалната заштита за тековната година, во висина која не може да биде помала од висината на средствата за претходната година.

Министерството ги доделува врз основа на јавен конкурс, во кој се наведува видот на социјалните услуги за кои се доделуваат средствата, висината на средствата кои се доделуваат, потребните документи кои се поднесуваат, роковите за спроведување на постапката по јавниот конкурс и временскиот период во кој ќе се даваат социјалните услуги.

Јаениот конкурс се објавува во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на веб страната на Министерството.

## ГЛАВА IV

### ***Соработка, партнерство помеѓу општината, институциите на локално ниво и НВО***

### Член 5

„Институции воопшто опстојуваат, се менуваат, иновираат, согласно со промените кои се случуваат кај сите оние кои се вклучени во нивната дејност, ... Но, процесот на менување, иновирање, унапредување, постигање на повисок квалитет е невозможен без воспоставена соработка, комуникација, воспоставено партнерство.

Термините како што се соработка, заедничко дејствување и заедничко решавање на проблеми се однесуваат на процесот што луѓето го користат кога работат заедно во група, организација или заедницата да планира, креира, решава проблеми и донесува одлуки." Страус (Straus, 2002, наведено кај Ervin, S., 2011, стр. 23)

Толкувањето на поимот соработка како взаемен однос на двајца или повеќе учесници (поединци или институции) кои се упатени еден на друг во насока на остварување на заедничка цел преку имплементација и реализација на заеднички активности, упатува на суштинското значење на соработката.

Воспоставувањето на соработка, па честопати и партнерство помеѓу општината , институциите на локално ниво ,НВО и ЛПП, нивните родители, е особено значајно затоа што истото овозможува:

-размена на искуства, идеи помеѓу двете страни во насока на подигање на квалитетот во образовниот процес;

- овозможува да на одделните прашања, проблеми со кои се сочуваат и кои се обидуваат да ги решат засегнатите страни, им се пристапи од различна перспектива, да продлабочено се проучат, да се согледаат од различни аспекти и да се изнајдат соодветни, не само едно, но и повеќе различни решенија, солуции;

- размена на ресурси во смисла споделување на простории, спортски објекти, споделување на информатичката технологија; споделување на финансиски ресурси неопходни за реализација на одредени активности-проекти и сл.;
-размена на експерти, обучувачи во насока на дисеминација на конкретни сознанија кои водат кон унапредување на практиката;
- ефикасно користење на ресурсите - води кон целосно искористување на расположливите капацитети, ефикасно користење на средства, смалување на трошоците;
- проактивност и подготовка за иднината - тоа се всушност главните мотиватори за интензивирање на соработката, партнерството, нивната динамика; размената на информации и искуства води кон поголема проактивност, оспособеност да се реагира проактивно на брзите проомени кои се случуваат; води кон развивање на вештини и компетенции неопходни за идниот развој, кој може и треба да е усогласен со пазарот на трудот, т.е. во насока на развој на курсеви и програми согласно потребите на пазарот на трудот; можност за поддршка од ментори и искусни стручни лица за конкретната област;
- можност за вмрежување со државни институции што ќе овозможи градење на позитивни меѓусебни односи, вмрежување со интернационални институции, води кон поголема мобилност, стекнување на експертски вештини, искуства, нови сознанија, развивање на лидерски, интеркултурни компетенции, вештини;
- поддршка на професионалниот развој на кадарот – соработката со институциите кои се занимаваат со обука на наставен кадар може да придонесе на повеќе начини, т.е.: да води кон развој и унапредување на наставничките вештини, компетенции, да се понудат ментори и искусни експерти кои ќе помогнат во оспособување на кадарот; да помогнат во креирање, развивање и евалвација на нови курикулуми; да нудат сертификација согласно потребите на наставниот, соработничкиот кадар, но и да помогнат за акредитација, сертификација на нови обуки, програми...
- овозможува да се воочат потребите на заедницата, како и да се изнајдат програми, решенија за остварување на истите, како и се помасовно учество во најразлични акции од општ, заеднички интерес;
- овозможува поедноставен, полесен пристап до иновациите и оспособеност за нивна поедноставна, полесна апликација (нови ресурси, примена на нови стратегии, методи на учење, поучување...);
- овозможува личен и професионален раст и развој.

## Член 6
## ОБЛИЦИ, НАЧИН И СОДРЖИНА НА СОРАБОТКАТА

Заради спроведување на мерките и активностите од програмите за постапување на лица со попреченост на секоја институција посебно ,како и примената на овој протокол, потребно е воспоставување на што е можно подобра соработка помеѓу надлежните органи , НВО и родителите/старателите.

За подобра комуникација во обезбедувањето помош и поддршка на лицата со попреченост и нивните семејства, надележните институции потребно е:

1. Да определат лице/координатор за контакт. Овие координатори ќе одржуваат редовни меѓусебни состаноци и со одговорните лица на надлежните органи и со претставниците на интердисциплинарниот тим, заради решавање на одредени случаи и за информирање на постигнатите резултати .

2. Да воспоставуваат соработка и размена на податоци помеѓу надлежните државни органи, општината и невладините организации, заради размена на искуства и создавање на добра пракса како и заради воспоставување на единствена евиденција на лицата со попреченост, нивните проблеми и потреби. Исто така, потребно е да се развие мултидисциплинарен пристап во работата со лицата со попреченост и нивните семејства, затоа што постапувањето на само еден од учесниците, долгорочно нема да ги донесе очекуваните резултати за сеопфатна и квалитетна заштита .

4. Воспоставуваат соработка и со другите чинители кои во даден момент можат да помогнат, на пример Народниот правобранител, верски заедници, советувалишта и стручни лица-експерти кои работат на оваа проблематика.

6. Сите институции при постапувањето потребно е да го штитат најдобриот интерес на лицата со попреченост, нивните права.

7. Да работат на подигање на свесноста на заедницата за потребите и проблемите на лицата со попреченост.

**Член 7**

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Протоколот за соработка влегува во сила со денот на неговото усвојување на седница на Советот за социјална заштита на Општина Делчево.

Истиот ќе биде потпишан од страна на претседателот на Советот за социјана заштита на Општина Делчево. По дадена потреба Протоколот може да претрпи одредени измени и дополнувања. Протоколот ќе биде објавен на интернет страната на Општина Делчево.

Декември, 2024 година

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

Совет за социјална заштита на Општина Делчево

Претседател

Весна Димитровска